**20260641039**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 март 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2026 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува финансирањето за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2026 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 8.440.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 150.01 - Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 4А - Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица и ќе се користат за следните намени:

- набавка, испорака и монтажа на опрема за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод.

Во 2026 година со средствата од Потпрограма 4А-Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за социјална заштита за проекти започнати во 2025 година:

- изведување на градежни работи за адаптација со пренамена на постоечки објект во Центар за рехабилитација за деца/лица со попреченост во Општина Штип и
- набавка, испорака и монтажа на опрема за Центар за дневен престој за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци.

II. Во 2026 година со средствата од Потпрограма 4А-Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за социјална заштита за проекти започнати во 2024 година:

- реконструкција, адаптација и пренамена на Ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка во јавна општинска установа за вонсемејна заштита на стари лица во Општина Крива Паланка;
- изградба на јавна општинска установа за вонсемејна заштита на стари лица во Општина Кавадарци и
- изградба на центар за дневен престој за лица со попреченост во Општина Боговиње.

III. Во 2026 година со средствата од Потпрограма 4А-Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за социјална заштита за проекти започнати во 2023 година:

- изведување на градежни работи за изградба на Центар за дневен престој за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци;
- изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект број 4 во ЈОУ „Дом за стари лица д-р Иван Влашки“–Берово;
- реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод и

- изведување на градежни работи за адаптација и пренамена на јужното крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“ Пробиштип во дом за стари лица во Општина Пробиштип.

IV. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за социјална политика, демографија и млади и најдоцна до крајот на 2026 година доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

V. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2458/8
24 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.